НОВ ТЕКСТ

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА
## ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ
## ЗА 2021 година

Март, 2022 година

## СОДРЖИНА

I. СТАТИСТИКА ........ 3
ПАТЕНТИ ........ 3
ТРГОВСКИ МАРКИ ........ 6
ИНДУСТРИСКИ ДИЗАЈН ........ 10
II. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ........ 14
Соработка со Светската организација за интелектуална сопственост (СОИС) ........ 14
Соработка со Европската патентна организација (ЕПО) ........ 14
Соработка со Заводот за интелектуална сопственост на Европската Унија (ЕУИПО) ........ 14
III. УЧЕСТВО НА КОМИТЕТИ И СОСТАНОЦИ ........ 15
IV. УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИИ, СЕМИНАРИ, ОБУКИ ........ 16
V. ЕВРОПСКИ ИНТЕГРАЦИИ ........ 17
Националната програма за усвојување на правото на Европската унија ........ 17
VI. АКТИВНОСТИ ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ ........ 18
ИЗЛОЖБИ ........ 18
VII. ЗАСТАПНИЦИ ........ 18
VIII. ОПШТИ РАБОТИ ........ 19
ИТ ПОДДРШКА ........ 19
ПРИЕМ НА ДОКУМЕНТИ ........ 19
ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ ........ 20
IX. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ ........ 21
ФИНАНСИСКИ АСПЕКТИ НА РАБОТАТА ЗА 2021 ГОДИНА ........ 21

# I. СТАТИСТИКА

## ПАТЕНТИ

### Патентни пријави во 2021 година

| Година | Домашни | Странски, национална фаза | | | Вк. Пред ДЗИС | Издададени решенија за признавање на правото за патент |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ДСП[1)] | ЕПЗ [2)] проши. | Пред ДЗИС | | |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5= 1+4 | 6 |
| 2021 | 41 | 1 | 967 | 968 | 1009 | 1238 |

Во Државниот завод за индустриска сопственост на Република Северна Македонија во текот на 2021 година поднесени се 1009 патентни пријави од кои 41 пријави се национални пријави, 1 пријави се преку ДСП и 967 се европски патенти (патенти кои ги признал ЕПЗ). Бројот на поднесените патентни пријави во 2021 година намален е за 2,5%. Намалувањето на бројот на поднесените патентни пријави во 2021 година се должи на намалувањето за регистрирање на ЕРО пријавите и тоа од 273 патенти во 2020 година на 263 патенти во 2021 година. Исто така, во ова намалувањето влијаеше и фактот дека бројот на поднесените патентни пријави преку Договорот за соработка во областа на патентите (ДСП) од 9 поднесени пријави во 2020 година се намали на само една ДСП пријава во 2021 година. Од вкупниот број на 967 европските патенти, 263 пријави се ЕРО пријави (27%) додека останатите 704 се Euro PCT пријави (73%).

Во текот на 2021 година во Република Северна Македонија, бројот на домашните патентни пријави е намален за три пријави во однос на претходната година, и тоа од 44 пријави во 2020 година на 41 пријава во 2021 година. Најголемиот број на домашните патентни пријави се поднесени од домашни подносители/иноватори, и тоа 39 пријави, додека од странски подносител/иноватор поднесени се само 2 пријави. Од вкупниот број на патентите пријави (39) поднесени од домашни подносители, 22 пријави се од физички лица (56%) додека останатите 17 се поднесени од правни лица (44%). Доколку го споредуваме бројот на домашните пријави поднесени од правни лица во 2021 година со 2020 година, тогаш тој број е значително зголемен, и тоа на 17 пријави во 2021 година од само 9 пријави во 2020 година.

Намалувањето на странските патентите пријави се одрази и врз структурата на поднесените патентни пријави по извори во 2021, така што, споредено со 2020 година, остварено е намалување на учеството и на странските патентни пријави за 2,2%, а соодветно со тоа се променува и структурата по земји од кои потекнуваат пријавите. Во однос на минатата години, во 2021 година зголемен е бројот на пријави кои се поднесени од Америка (од 34,5% на 37%), Германија (од 8,2% на 12 %), Јапонија (од 3,3% на 4%), Шведска (од 2,4% на 3,5%), додека е намален бројот на пријави

---

1) ДСП - Договор за соработка во областа на патентите
2) ЕПЗ - Европски патентен завод

кои се поднесени од  Велика Британија (од 7,9% на 7%), Швајцарија (од 6,7% на 5,5%) и најмногу од Италија (од 5,7% на 4,3%).

**Патентни пријави по извори во 2021 година**




| Земји | Број на пријави | % |
|---|---|---|
| US | 375 | 37 |
| DE | 123 | 12 |
| GB | 69 | 7 |
| CH | 56 | 5.5 |
| IT | 44 | 4.3 |
| JP | 40 | 4 |
| SE | 36 | 3.5 |
| BE | 34 | 3.3 |
| FR | 31 | 3 |
| CN | 19 | 1.9 |
| DK | 19 | 1.9 |
| ES | 19 | 1.9 |
| AT | 17 | 1.7 |
| NL | 17 | 1.7 |
| KR | 14 | 1.4 |
| IN | 13 | 1.3 |
| MK | 39 | 4 |
| Останати | 47 | 4.6 |

**Поднесените пријави за патенти според Меѓународната класификација на патенти (МКП) во 2021 година**




| МКП класификација | Број на пријави | % |
|---|---|---|
| A | 302 | 30 |
| B | 54 | 5.3 |
| C | 482 | 47.8 |
| D | 10 | 1 |
| E | 26 | 2.5 |
| F | 33 | 3.3 |
| G | 47 | 4,7 |
| H | 55 | 5.4 |

Структурата на поднесените пријави за патенти според МКП е со најголемо учество на секцијата C (хемија, металургија) со 47.8 % и секцијата A (тековни животни потреби) со 30 %, што укажува дека интересот за заштита е поврзан со структурата на производните капацитети во Република Северна Македонија.

## Останати статистички информации за патенти

Покрај ова, во текот на 2021 година Државниот завод за индустриска сопственост извршил и други активности од доменот на патентите: зголемен е бројот на издадени решенија за признавање на патент во споредба со претходната година, кој изнесува вкупно 1238 решенија за признавање на патент и 1254 исправи за признат патент. Исто така, утврдени се 5943 годишни такси за одржување на правото за патент. Во споредба со претходната година решени се и повеќе барања за пребарување во базите на податоци за патенти, кој број за ова година изнесува 74 барања. Во текот на 2021 година издадени се и вкупно 229 решенија за промени во регистрите, како што се промени на име, адреса или застапник на подносителот/носителот, пренос на право или спојување на фирма.

## ТРГОВСКИ МАРКИ

### ПРИЈАВИ НА ТРГОВСКИ МАРКИ ВО 2021 ГОДИНА

| Година | Домашни | Странски пријави | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Пред ДЗИС | По Мадридски аранжман | | | Вкупно по Мадрид. Договор/ протокол | Вкупно странски | Вкупно пријави | Издадени решенија |
| | | | Нови | Терит. прош. | Продол. на важење | | | | |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6=3+4+5 | 7=6+2 | 8=7+1 | 9 |
| 2021 | 782 | 600 | 2144 | 486 | 3651 | 6281 | 6881 | 7663 | 1108 |

Во текот на 2021 година, во Државниот завод за индустриска сопственост на Република Северна Македонија, се пристигнати вкупно (1+2+3+4) 4012 пријави, од кои 66% според Мадридски протокол, а останатите се поднесени до Државниот завод за индустриска сопственост. Во структурата на вкупниот број пријави 80,5% се од странство. Во 2021 година, се пристигнати вкупно 4012 пријави за трговски марки што претставува зголемување од 1 % во однос на претходната година.

Пред Државниот завод за индустриска сопственост во текот на 2021 година, поднесени се вкупно (1+2) 1382 пријави со што нивниот број е зголемен за 97 пријави или 7%, во однос на минатата година. Од вкупниот број поднесени пријави 782 се од домашни подносители, што е намалување за 4% во споредба со претходната година, додека има зголемување кај пријавите од странски подносители, со вкупен број 600 пријави е значително поголемо и изнесува 23%.

Според Мадридскиот аранжман, во текот на 2021 година, се поднесени вкупно (3+4) 2630 пријави за трговски марки, од кои 2144 се нови пријави и 486 територијални проширувања. Бројот на пријави според овој аранжман бележи намалување од 71 пријава или 3%, а во тие рамки нешто поголемо е намалувањето на новите пријави од 7% во однос на зголемувањето кај територијалните проширувања кое е 7%.

Пријави на трговски марки поднесени во ДЗИС



| Година | Домашни | Странски | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2021 | 782 | 600 | 1382 |

Бројот на поднесените пријави за трговски марки во 2021 година, изнесува 1382 и бележи зголемување за близу 7%, во однос на претходната година. Во тие рамки во 2021 година паралелно се намалува бројот како на домашните пријави а се зголемува бројот на странските пријави за трговски марки поднесени пред Заводот.

**Пријави на трговски марки според Ничанската класификација во 2021**




| Класа | Број | % |
|---|---|---|
| 35 | 478 | 15,1 |
| 5 | 334 | 10,6 |
| 30 | 254 | 8,1 |
| 41 | 155 | 4,9 |
| 9 | 152 | 4,9 |
| 40 | 151 | 4,8 |
| 42 | 117 | 3,7 |
| 34 | 105 | 3,3 |
| 38 | 92 | 2,9 |
| 32 | 87 | 2,8 |
| 36 | 87 | 2,8 |
| 25 | 86 | 2,7 |
| Останати | 1061 | 33,4 |

Од сите пристигнати пријави по класи во 2021 година, согласно Меѓународната класификација на производи и услуги, може да се забележи дека на првите пет места се задржуваат истите класи од минатата година, односно продолжува трендот на најголема застапеност на пет класи 35, 05, 30 , 41 и 09, и тоа со незначително изменет редослед како и претходната година. Оваа година зголемен е бројот на пријави во класа 42 и 34 а се забележува тренд на намалување кај побараната заштита во класите 32 и 38.Може да се заклучи дека најзначајно е учеството на пријавите што се поврзани со трговија, производство на фармацевтски и производи за медицинска употреба, како и на производството или подготовката на прехранбени производи, со оглед на тоа што Република Северна Македонија има развиена фармацевтска и прехранбена индустрија.

**Признаени трговски марки во 2021 година**




| Година | Домашни | Странски |
|---|---|---|
| 2021 | 617 | 486 |

Во 2021 година, издадени се 1108 решенија за признавање на право на трговска марка, што претставува намалување од 4,3% во однос на издадените решенија во претходната година. Во рамките на вкупно издадените решенија во 2021 година, поголемо е учеството на издадените решенија на домашни лица, 654 во однос на издадените решенија, 454 на странски лица.

## Меѓународно регистрирани трговски марки од Република Северна Македонија

Во 2021 година меѓународно се регистрирани 41 трговски марки што значи има тенденција на зголемување, во однос на претходната година (28). Покрај ваквите движења остварени во 2021 година, постои простор состојбата со меѓународно регистрираните македонски трговски марки да се подобри, затоа треба што повеќе да се укажува на фактот дека македонските фирми сé уште го немаат сфатено значењето на меѓународната заштита на трговските марки и фактот дека користењето на Мадридскиот систем дава погодности (пониска цена, една пријава за повеќе држави и сл.), во однос на пријавувањето по земји.

## Останати статистички информации за трговските марки

Во текот на 2021 година, Државниот завод за индустриска сопственост изврши и други активности од доменот на трговските марки.

Во текот на 2021 година, издадени се вкупно 2707 решенија за промени во регистрите, односно издадени се: 1240 решенија за продолжување на важењето на трговските марки, 1262 решенија за промени во регистрите. Иако има намалување во вкупниот број на решенија за промени и продолжувања во регистрите на трговските марки во однос на претходната година од 5%, со оглед на тоа што бројот на поднесени барања за промени и продолжувања во 2021 година кој изнесува 1731 и е помал од донесените решенија во истата година создава услови истите континуирано да се работат без застој. Во рамки на вкупно донесените решенија за промени во регистрите, 37 решенија се за спојување на фирма, 250 решенија за пренос на право, 689 решенија за промена на застапник и промена на име и адреса.

Исто така направени се 1016 известување за утврдување на датум на поднесување на пријавата, 1309 задолжувања за плаќање трошоци за објава на пријава на трговска марка,1246 задолжувања за плаќање трошоци и такси за решенија за трговски марки, 108 решенија за отфрлање, престанок на важење и одбивање на трговски марки.

Во 2021 решени се 47 приговори по пријави за трговски марки што претставува позитивно движење во однос на големиот број приговори, што се провлекуваше од претходниот период, особено ако се земе во предвид бројот на поднесени приговори во годината кој изнесува 40.

Заводот издаде 342 потврди, изводи 142 за пријавени и регистрирани трговски марки и 187 решерши, 580 исправи.

Во рамките на соработката со другите институции во спроведувањето на правата од индустриска сопственост, судови, обвинителства, инспекторати, министерства, Заводот подготви 22 информации за состојбата со регистрирани или пријавени трговски марки пред Заводот, заради понатамошно постапување.

## ИНДУСТРИСКИ ДИЗАЈН

### Пријави на индустриски дизајн во 2021 година

| Година | Домашни | Странски пријави | | Вкупно странски | Вкупно пријави | Издадени решенија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Пред ДЗИС | По Хашки договор | | | |
| | 1 | 2 | 3 | 4=2+3 | 5=4+1 | 6 |
| 2019 | 34 | 2 | 243 | 245 | 279 | 30 |
| 2020 | 21 | 5 | 249 | 254 | 270 | 31 |
| **2021** | **33** | **6** | **214** | **220** | **253** | **23** |

Во текот на 2021 година до Државниот завод за индустриска сопственост биле поднесени 253 пријави за индустриски дизајн. Бројот на вкупно поднесените пријави за индустриски дизајн во 2021 година, е намален за 6%. Во рамките на вкупниот број поднесени пријави за индустриски дизајн до Државниот завод, домашните во 2021 година, бележат зголемување од 57%. Од вкупниот број поднесени пријави, 39 се поднесени во Заводот, а преку Хашкиот договор за меѓународно регистрирање на индустриски дизајни 810, од кои 214 се нови, а 596 се однесуваат на индустриски дизајни за кои е продолжено важењето за територијата на Република Северна Македонија.

Карактеристично за дизајните е тоа што со една пријава за признавање на правото на индустриски дизајн, може да се бара заштита на повеќе дизајни на производи (повеќекратна пријава), притоа сите дизајни од пријавата мора да се наменети да се применуваат на производи класифицирани во иста класа според Меѓународната класификација (Локарнска класификација). Според тоа, од поднесените 39 пријави во Заводот, повеќето се повеќекратни, со вкупно 76 индустриски дизајни.

**Пријави на индустриски дизајн поднесени во ДЗИС**



| Година | Домашни | Странски | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2021 | 33 | 6 | 39 |

Бројот на поднесените пријави за индустриски дизајн во 2021 година, поднесени во Заводот изнесува **39** и бележи зголемување од 1.5 пати во однос на претходната година. Зголемувањето на бројот на пријави за индустриски дизајн во 2021 година, е забележан кај домашните и изнесува 57%, а кај странските пријави има зголемување од 20%. Од ваквиот однос на поднесени пријави за индустриски дизајн следи зголемување на учество на домашните и странските пријави.

**Признаени индустриски дизајни во 2021 година**




| Година | Домашни | Странски | Меѓународни | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 2021 | 19 | 4 | 214 | 237 |

Во 2021 година, во Заводот донесени се 23 решенија за признавање на право од индустриски дизајн со вкупен број од 35 индустриски дизајни, 214 странски меѓународно признаени за територијата на Република Северна Македонија, со вкупен број од 547 индустриски дизајни и 596 продолжување на важење на индустрискиот дизајн, со вкупен број од 1485 индустриски дизајни.
Инаку, овде требе да се напомене дека во вкупниот број меѓународно поднесени и продолжени пријави по Хашки договор, се евидентирани со една или како повеќекратни пријави за индустриски дизајни и изнесува 2032 индустриски дизајни.

**Признаени индустриски дизајни по извори вкупно во 2021**




| Земји | Пријави | % |
|---|---|---|
| CH | 72 | 30,4 |
| DE | 35 | 14,8 |
| FR | 25 | 10,5 |
| DK | 23 | 9,7 |
| IT | 17 | 7,2 |
| TR | 12 | 5,0 |
| BG | 8 | 3,4 |
| MK | 23 | 9,7 |
| Останати | 22 | 9,3 |

Гледано по извори од вкупниот број индустриски дизајни кои важат за територијата на Република Северна Македонија, најголемо учество во 2021 година има Швајцарија со 72 регистрирани индустриски дизајни или процентуално 30,4%. Потоа следуваат: Германија со 35 или процентуално 14,8%, Франција со 25 регистрирани индустриски дизајни или 10,5%, Данска со 23 или процентуално од 9,7% , Италија со 17 или процентуално 7,2%, Турција со 12 регистрирани дизајни или процентуално од 5,0%, Бугарија со 8 или процентуално од 3,4%, Македонија со 23 или процентуално од 9,7% и останато со вкупно 22 или 9,3%.

**Пријави на индустриски дизајн по Хашки договор според Меѓународната класификација за индустриски дизајн (Локарнска класификација)**




| Класа | % |
|---|---|
| 11 | 27,7 |
| 12 | 19,8 |
| 09 | 16,6 |
| 10 | 14,9 |
| 14 | 8,1 |
| 21 | 4,2 |
| Останати | 8,7 |

Од приложениот графикон се забележува дека во Државниот завод за индустриска сопственост на Република Северна Македонија, во 2021 година, со учество од 27,7% структурно најзастапени се признаените индустриски дизајни од класата **11**, следи класата **12** со учество од 19,8%, класата **09** со учество од 16,6%, класата **10** со учество од 14,9%, класата **14** со учество од 8,1% и **класата 21** со учество од 4,2%. Останатите класи се со учество од 8,7%.

**Класата 11 се** однесува на украсни предмети, **класата 12** се однесува на средства за транспорт или подигање товар, **класата 09** на амбалажа и контејнери за транспорт или пренесување производи, **класата 10** се однесува на саати, часовници и други мерни инструменти, **класата 14** се однесува на опрема за електронски записи, комуникација или обработка на информации, **класата 21** се однесува на игри, играчки, шатори и спортски артикли.

## Останати статистички информации за индустриски дизајни

Во текот на 2021 година, Државниот завод за индустриска сопственост извршил и други активности од доменот на индустриските дизајни, односно донесени се 19 решенија за продолжување на индустрискиот дизајн, 9 решенија за отфрлање на пријавата, 4 решенија за одбивање, 2 решенија по приговор, 2 решенија за запирање на постапката, решение за огласување ништовен меѓународен дизајн, донесени се 6 решенија кои се однесуваат на промени во регистрите за индустриски дизајни, направени се 26 исправи за индустриски дизајн, 39 известувања за утврдување на датум на поднесување на пријавата, 9 известувања за апсолутни причини, 45 известувања за плаќање трошоци за објава на пријавата во гласник, 24 известувања за плаќање такси за решенија за признавање на индустриски дизајн, извршени се 7 пребарувања во базите на податоци по барање на странките.

## II. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

### Соработка со Светската организација за интелектуална сопственост (СОИС)

Вработени од Заводот учествуваа на Генералното собрание на WIPO, постојаните комитети и работни групи што редовно се одржуваат под покровителство на Светската организација за интелектуална сопственост, секако во нови услови онлајн присуство заради пандемијата КОВИД 19.

### Соработка со Европската патентна организација (ЕПО)

Во текот на 2020 година, Државниот завод за индустриска сопственост земаше активна улога во работата на ЕПО. Активно земаше улога во Административниот совет (тело кое го креира и ја следи политиката на ЕПО). Од четири редовни состаноци годишно, активно учествуваше во Комитетот за буџет и финансии, во ТОСК и Комитетот за патентно право. Сите состаноци беа одржани во електронска форма.

Вработени во ДЗИС учествуваа на повеќе вебинари, работилници организирани од страна на ЕПО како што се: Новост и инвентивен придонес во пријавите за патенти, Пребарување и испитување на европски патентни пријави исто во електронска форма.

И во текот на 2020 година, Државниот завод за индустриска сопственост во соработка со ЕПО учествуваше на следниве проекти: Квалитет во изворот, Espacenet new, Конвергенција на праксата како и Frontal port access. Активно се работеше со нивните експерти со цел да се подобри квалитетот на податоците кои се разменуваат со ЕПО.

### Соработка со Заводот за интелектуална сопственост на Европската Унија (ЕУИПО)

Согласно Меморандумот за билатерална соработка помеѓу Заводот за интелектуална сопственост на Европската Унија (ЕУИПО) и Државниот завод за индустриска сопственост на Република Македонија, во 2021 година, од Државниот завод за индустриска сопственост на Република Северна Македонија упатени се двајца административни државни службеници како национални експерти во Заводот за интелектуална сопственост на Европската Унија (ЕУИПО) со седиште во Аликанте, Шпанија, на оспособување во согласност со потребите на работниот процес, проширување на соработката и размена на искуства во рамките на европскта администрација за интелектуална сопственост. Времетраењето на наведеното оспособување на националните експерти е за период од 2 (две) години.

Во рамките на соработката со ЕУИПО, ДЗИС започна со подготовките за имплементација на електронско поднесување на пријавите за трговски марки и на заедничките европски практики во постапките за признавање на правата на трговски марки.

## III. УЧЕСТВО НА КОМИТЕТИ И СОСТАНОЦИ

Претставници на Државниот завод за индустриска сопственост учествуваа во работата на телата на СОИС, ЕПО, ЕУИПО и на други работни состаноци, и тоа:

- онлајн учество на Билатерален состанок за соработка со ЕПО, на 25 февруари 2021 година;
- онлајн учество на 5-та сесија на PATLIB 2.0 - Заеднички обликување на иднината, што се одржа на 10 март 2021 година;
- онлајн учество на Билатерален состанок за соработка со ЕПО, на 18 март 2021 година;
- онлајн учество на 166-тиот состанок на Административниот совет на ЕПО кој се одржа на 23 март 2021 година;
- онлајн учество на 6-тата сесија на PATLIB 2.0 - Заеднички обликување на иднината, која се одржа на 31 март 2021 година;
- онлајн учество на 7-та сесија на PATLIB 2.0 - Заеднички обликување на иднината, на 13 април 2021 година;
- онлајн учество на вебинар на тема: Иднината на планетата како (индустриска) сопственост на сите нас, кој се одржа на 26 април 2021 година;
- онлајн учество на Комитетот за техничка и оперативна поддршка e-TOSC / 89, ЕПО, кој се одржа на 28-29 април 2021 година;
- онлајн учество на 15-тиот годишен состанок за соработка со земјите-членки кој се одржа на 11 мај 2021 година;
- онлајн учество на вебинар на тема: Географски ознаки: вечноста на знаењето, кој се одржа на 13 мај 2021 година;
- онлајн учество на PATLIB конференција, која се одржа на 18-19 мај 2021 година;
- онлајн учество на 126-тиот Комитет за буџет и финансии, ЕПО, кој се одржа на 26-27 мај 2021 година;
- онлајн учество на 167-миот состанок на Административниот совет на ЕПО кој се одржа на 29-30 јуни 2021 година;
- онлајн учество на 127-миот Комитет за буџет и финансии, ЕПО, кој се одржа на 26 октомври 2021 година;
- онлајн учество на Комитетот за техничка и оперативна поддршка e-TOSC / 90, ЕПО, кој се одржа на 9 ноември 2021 година;
- онлајн учество на 53-тиот Комитет за патентно право, кој се одржа на 24 ноември 2021 година;
- онлајн учество на 169-тиот состанок на Административниот совет на ЕПО кој се одржа на 14-15 декември 2021 година;
- Виртуелен состанок помеѓу ЕУИПО и претставници од заводите од Западен Балкан и Република Молдавија, 17 јуни 2021;
- ЕУИПО-ЕПО Академии - состанок на мрежата на контакти, 23-24 ноември 2021;
- 26-ти Liaison состанок за трговски марки: 14 октомври 2021;
- 20-ти Liaison состанок за дизајн: 14 октомври 2021;
- 17-ти Liaison состанок за соработка: – 15 и 18 октомври 2021.

## IV. УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИИ, СЕМИНАРИ, ОБУКИ

Претставници на Државниот завод за индустриска сопственост учествуваа на конференции, семинари и обуки, и тоа:

- онлајн учество на Работилница: Стручна размена за испитување во техничката област на производство на адитиви, ЕПО, која се одржа на 9-24 јуни 2021 година;
- онлајн учество на Семинар OW01-2021, на тема Стручна размена за испитување во техничката област на производство на адитиви, кој се одржа на 7-24 јуни 2021 година;
- онлајн учество на Симпозиум - Патентабилност на растенијата и животните: опсег за акција и потреба од реформи, кој се одржа на 8 јули 2021 година;
- онлајн учество на Работилница: Конвергенција на практиката - повторно воспоставување на правата, која се одржа на 15 септември 2021 година;
- онлајн учество на Семинар OC03-2021 на тема Вештачка интелигенција: перспектива на испитувачот, кој се одржа на 27 септември 2021 година;
- учество на „Техничка работилница за регионална рамка со заводите за интелектуална сопственост на членките на ЦЕФТА", што се одржа во периодот од 14 до 16 декември 2021 година, во Скопје. Работилницата беше организирана во рамките на „Неделата на ЦЕФТА" со цел да се изнајдат заеднички содржатели за можна имплементација на регионална рамка за интелектуална сопственост со поддршка на ЕУИПО. Работилницата треба да придонесе за утврдување на приоритетите и активностите за понатамошно зајакнување на регионалната интеграција на правата на ИС како дел од заедничкиот регионален пазар, олеснување на интра-регионалната трговија на стоки и услуги помеѓу членките на ЦЕФТА и Европската унија за поодржлива и инклузивна економија;
- онлајн учество на работилница за обука за националните заводи за интелектуална сопственост (постапки според Мадридскиот систем за меѓународна регистрација на трговски марки), што се одржа на 6 - 7 декември 2021 година;
- учество на ЕУИПО вебинар: „Сертификатни и колективни трговски марки", 21 септември 2021;
- учество на ЕУИПО вебинар: „Следење на судската практика: Одлуки од третото тримесечје на Советот за жалби на ЕУИПО - Одлуки од третото тримесечје на Основниот суд и Судот на правдата на ЕУ (Q3)", 28 септември 2021;
- учество на ЕУИПО вебинар: „Докази за користење на трговски марки", 30 септември 2021
- учество на ЕУИПО вебинар: „Зелена ЕУТМ студија", 12 октомври 2021;
- учество на ЕУИПО вебинар: „Зајакнување и заштита на креативноста преку интелектуалната сопственост", 12 октомври 2021;
- учество на ЕУИПО вебинар: „Најнова судска пракса од областа на дизајнот", 4 ноември 2021;
- учество на ЕУИПО вебинар: „ЕУИПО и СОИС иницијативи за поддршка на бизнисите во областа на интелектуалната сопственост", 9 ноември 2021;
- учество на ЕУИПО вебинар: „Пречки за заштита? Заштита на податоци и спроведување на правата од ИС", 7 декември 2021;
- учество на ЕУИПО вебинар: „Следење на судската практика: Одлуки од четвртото тримесечје на Советот за жалби на ЕУИПО - Одлуки од четвртото тримесечје на Основниот суд и Судот на правдата на ЕУ (Q4)", 14 декември 2021.

# V. ЕВРОПСКИ ИНТЕГРАЦИИ

## Националната програма за усвојување на правото на Европската унија

Државниот завод за индустриска сопственост како институција определена за раководење со работната група за Поглавјето 3.07. - Право на интелектуална сопственост и во текот на 2021 активно учествуваше во следење на спроведувањето на предвидените активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА), како сеопфатен долгорочен документ кој ја дефинира динамиката на усвојувањето на правото на ЕУ, стратегиските насоки, политиките, реформите, структурите, ресурсите и роковите што треба да се реализираат со цел Република Северна Македонија да ги исполни условите за членство во Европската унија. За таа цел Државниот завод за индустриска сопственост одржуваше месечни состаноци, подготвуваше месечни и квартални извештаи, учествуваше на седниците на Работниот комитет и на Поткомитетот на работниот комитет за европска интеграција, во координација со институциите од Поглавјето 3.7 и Секретаријатот за европски прашања.

На 25 февруари 2021 година во Скопје, се одржа Поткмитетот за внатрешен пазар и конкуренција.

# VI. АКТИВНОСТИ ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ

## ИЗЛОЖБИ

Државниот завод за индустриска сопственост како институција во рамките на промотивните активности на правата од индустриска сопственост, со години наназад го поддржува одржувањето на изложбите на пронајдоци, иновации, нови производи, индустриски дизајн и младинско творештво и учествува во доделување на наградите, преку свои членови во жири комисијата. Традиционално секоја година, Заводот доделува плакети и парични награди во категоријата на пријавен или заштитен патент/дизајн, жена иноватор и млад иноватор.

На 42. Макинова и 19. Еконова 2021, во организација на СПАТУМ, што се одржа on-line поради пандемијата, во периодот од 08-10 ноември 2021, Државниот завод за индустриска сопственост ги додели следните награди:

1. Плакета за жена иноватор за пронајдокот "Автоматска паркинг рампа", беше доделена на проф. Сениха Брзева и проф. Оливера Таневска
2. Плакета за млад иноватор беше доделена на ученикот Маријан Багевски, за пронајдокот "Термоелектричен нож со автоматска контрола на температурата"
3. Плакета за млад иноватор беше доделена на ученичката Јована Димитрова, за пронајдокот "Вертикален плотер".

Овој настан уште еднаш ја потврди креативноста, посветеноста и ангажирањето на пронајдувачите, а посебно на младите иноватори во остварувањето и презентирањето на своите пронајдоци.

# VII. ЗАСТАПНИЦИ

Во 2021 година беа впишани 9 нови застапници во регистарот на застапници, а од регистарот беа избришани 6 застапници.

# VIII. ОПШТИ РАБОТИ

## ИТ ПОДДРШКА

Државниот завод за индустриска сопственост располага со сопствени бази на податоци за пријавени и заштитени права од индустриска сопственост (патенти, трговски марки, индустриски дизајн и географски називи). За нивна обработка се користи програмата IPAS - Industrial property Administration System што е платформа развиена од Светската организација за интелетуална соптвеност (WIPO) која служи за управување со кориснички документи. Самиот IPAS е клиент - сервер веб платформа развиена на т.н. Java технологија, која овозможува администраторскиот и клиентскиот IPAS да комуницираат со базата на податоци која е на Oracle платформа, каде што се чуваат сите податоци .

За административното работење на Државниот завод за индустриска сопственост во одделението за прием и обработка на документите за стекнување на права од индустриска сопственост и во одделението за општа архива се користи програма на база на Lotus Notes што е апликациски софтвер, платформа развиена од IBM и е клиент сервер платформа која се користи за следните услуги:

- електронска пошта (e-mail);
- веб-сервер, каде е хостирана веб-страницата на ДЗИС и апликација за управување со веб-страницата, и
- софтвер за архивско работење со уписниците и деловодникот.

## ПРИЕМ НА ДОКУМЕНТИ

Прием и обработка на документи за стекнување на права од индустриска сопственост се извршени во програмата IPAS и е обработен следниот обем на документи за 2021 година:

- *трговски марки*:

поднесени се 1382 нови пријави за трговски марки, од кои 782 домашни и 600 странски пријави за трговски марки, издадени решенија за признавање на трговски марки 1108;

- *патенти*:

поднесени се 1009 нови пријави за патенти, од кои 41 домашни пријави за патенти, 1 пријава е преку ДСП  и 967 се европски патенти (патенти кои ги признал ЕПЗ) и издадени решенија  1238;

- *индустриски дизајн:*

поднесени се 33 домашни пријави за индустриски дизјан, издадени решенија 23;

- *други дејствија:*

извршени се приближно 87.700 дејствија коишто се однесуваат на издавање на документи за утврдување на датум на поднесени документи за признавање на правата од индустриска сопственост, прием на документи за платени такси за признаени права од индустриска сопственост, прием на документи за доставени барања за објави на права од индустриска сопственост, заверка на документи и други дејствија.

## ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

Државниот завод за индустриска сопственост согласно законската обврска секој месец во годината издава службено гласило "Гласник". Уредувањето, обработката и објавувањето на материјали од доменот на заштитата на индустриската сопственост во "Гласник" се врши во ДЗИС.

Истовремено се подготвува и издава извештај за работата на ДЗИС за секоја изминатата година.

# IX. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Дел од обврските од областа на финансиско работење ги извршуваат вработените од Службата за општи и заеднички работи при Владата на Република Северна Македонија. Во текот на 2021 година извршени се сите обврски во врска со сметководственото работење на Заводот (изготвување буџет, годишни и квартални планови, прегледи на неизмирени обврски на крајот од секој изминат месец, разни видови информации на барање на одговорни лица од ДЗИС и Министерството за финансии и Генералниот секретар при Владата на Република Северна Македонија, изготвување плати, годишна пресметка, пописи на основни средства, статистички извештаи и ГДП).

1. Доставуван е квартален план за I, II, III и IV квартал во 2021 година за користење на буџетските средства.

2. Заради редовно измирување на обврските на ДЗИС, од Министрерството за финансиии - Сектор за буџет, еднаш е побарано проширување на буџетските средства кое што е спроведено соодветно во кварталните планови во 2021 година заради намирување на обврски према Европската патентна организација.

3. Во согласност со обврските за следење на Буџетот за 2021 година, до секој 10-ти во месецот, до Министерството за финансии - Сектор за трезорско работење се доставува извештај за неизмирени обврски за претходниот месец.

4. Во согласност со заклучоците на Владата на Република Северна Македонија во врска со спроведување на пакетот на антикризни мерки, редовно и во рок во текот на 2021 година се доставувани:

- информација за намирување на обврските.

## ФИНАНСИСКИ АСПЕКТИ НА РАБОТАТА ЗА 2021 ГОДИНА

## ПРИХОДИ ОД РАБОТАТА НА ДЗИС ШТО СЕ УПЛАТУВААТ ВО БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во текот на 2021 година, на сметката на Буџетот на Република Северна Македонија, биле уплатени средства во вкупен износ од **34.344.125,00** денари, поврзани со правата на индустриска сопственост (патенти, трговски марки и индустриски дизајни), согласно Законот за административните такси („Службен весник на Република Македонија" број 17/93, 20/96, 7/98, 13/2001, 24/2003, 19/2004, 61/2004, 95/2005, 70/2006, 92/2007, 88/2008, 130/2008, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15 и 23/2016) и тоа:

- 722318 – администривни такси за европски патенти во износ од 17.869.760,00 денари;
- 722319 - администривни такси за патенти во износ од 4.953.350,00 денари;
- 722320 - администривни такси за трговкси марки во износ од 11.512.015,00 денари;




Горенаведените приходи се уплатени во Буџетот на Република Северна Македонија по следните основи:

- за поднесување на пријави за патент, трговски марки и индустриски дизајн;
- за стекнување и одржување на правото на патент, трговски марки и индустриски дизајн;
- за барање на промени во регистрите на пријавени и признаени права;
- за поднесување на приговори, огласување на решение за ништовно и барање за престанок на важење поради некористење;
- за поднесување на меѓународни пријави;
- за издавање потврди.

## ПРИХОДИ ОД РАБОТАТА НА ДЗИС ШТО ГИ ЗАДРЖУВА ЗАВОДОТ СОГЛАСНО МЕЃУНАРОДНИТЕ ДОГОВОРИ И ТАРИФАТА НА ЗАВОДОТ

Вкупните приходи на ДЗИС во 2021 година, остварени од Светската организација за интелектуална сопственост - Женева, врз основа на спроведување на заштита на правата од индустриска сопственост согласно Мадридскиот договор и протоколот за меѓународна заштита на трговските марки и Хашкиот договор за меѓународна заштита на индустриски дизајн, приходи ид Заводот за интелектуална сопственост на Европската Унија, како и приходите од Европската патентна организација (ЕПО) - Минхен, за заштита на патентни права, изнесуваат **32.271.745,00 денари**, и тоа:
- приходи од Светската организација за интелектуална сопственост - Женева, во износ од **31,093,293.00** денари;
- приходи од Заводот за интелектуална сопственост на Европската Унија, во износ од **1,044,845.00** денари, и
- приходи од Европската патентна организација (ЕПО) - Минхен, во износ од **79,507.00** денари.

Вкупните приходи на *Државниот завод за индустриска сопственост* во 2021 година, остварени согласно *Тарифата на Заводот* („Службен весник на Република Македонија" број 128/09 и 42/2019), изнесуваат **6.254.814,00** денари, и истите се стекнати по следните основи:
- трошоци за објава
- пребарување во бази на податоци
- изводи и

- исправи за трговски марки, патенти и индустриски дизајн.




Во делот финансиски показатели сврзани со реализација на буџетот на ДЗИС, можеме да ги наведеме следните показатели

| . 11002 | ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ | Буџет 2021 | Ребаланс 2021 | Реализација Буџетот за 2021 година | Реализација на Буџетот за 2021 г. во % |
|---|---|---|---|---|---|
| **Програма 20** | **- заштита на индустриската сопственост во тоа:** | **95 839 000,00** | **88 899 000,00** | **45 740 343,00** | **51,45** |
| Расходи | | | | | |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **20 596 000,00** | **20 916 000,00** | **17 941 276,00** | **85,78** |
| 401 | Основни плати | 15 065 000,00 | 15 065 000,00 | 12 731 691,00 | 84,51 |
| 402 | Придонеси за социјално | 5 531 000,00 | 5 531 000,00 | 4 939 585,00 | 89,31 |
| 404 | Надоместоци | 0,00 | 320 000,00 | 270 000,00 | 84,38 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **21 743 000,00** | **19 833 000,00** | **12 254 314,00** | **61,79** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 2 500 000,00 | 2 250 000,00 | 209 979,00 | 9,33 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 3 000 000,00 | 2 700 000,00 | 1 851 927,00 | 68,59 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 1 000 000,00 | 900 000,00 | 496 013,00 | 55,11 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 2 000 000,00 | 1 800 000,00 | 1 101 424,00 | 61,19 |
| 425 | Договорни услуги | 8 500 000,00 | 7 650 000,00 | 6 654 752,00 | 86,99 |
| 426 | Други тековни расходи | 2 100 000,00 | 1 890 000,00 | 441 064,00 | 23,34 |
| 427 | Привремени вработувања | 2 643 000,00 | 2 643 000,00 | 1 499 155,00 | 56,72 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **22 000 000,00** | **19 800 000,00** | **6 162 729,00** | **31,12** |
| 464 | Разни трансфери | 22 000 000,00 | 19 800 000,00 | 6 162 729,00 | 31,12 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **31 500 000,00** | **28 350 000,00** | **9 382 024,00** | **33,09** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 300 000,00 | 270 000,00 | 33 398,00 | 12,37 |
| 481 | Градежни објекти | 30 000 000,00 | 27 000 000,00 | 8 973 251,00 | 33,23 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски | 1 200 000,00 | 1 080 000,00 | 375 375,00 | 34,76 |

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА БУЏЕТОТ ЗА 2021 ГОДИНА ВО %




### БУЏЕТ ЗА 2021 ГОДИНА (во денари)

1. Со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година ("Сл. весник на РСМ" бр.307/2020) определен е буџет на Државниот завод за индустриска сопственост во висина од **95.839.000,00** денари, и со извршените пренамени и ребаланс во буџетот на ДЗИС тој изнесуваше **88.899.000,00** денари**.** При тоа искористувањето на расположивите средства од буџетот на ДЗИС за 2021 година изнесува **45.740.343,00** денари, што во однос на буџетот со извршена пренамена изнесува **51,454%**.

2. Во делот на Расходите - средствата наменети за основни плати и придонеси за социјално осигурување, реализирани се со **85,78%**, и тоа од планираните со пренамената во буџетот на ДЗИС за 2021 година **20.916.000,00** денари за 32-ца вработени, реализирани се **17.941.276,00** денари за 32-ца вработени.

Во Државниот завод за индустриска сопственост на 1 јануари 2021 година биле вработени 32-ца државни службеници, директор и заменик директор.
На 03 март 2021 година согласно член 44, став (1) од Законот за вработените во Јавниот сектор („Службен Весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014 и 26/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19 и 14/2020), на 1 вработен му престана работниот однос, со спогодба, поради трајно преземање на работно место на исто ниво во друга институција. Исто така, на 04 април 2021 година, согласно членовите 62 точка (2) и 65 став (1) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" број 62/2005, 106/2008,161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 110/19 и 267/2020), на 1 вработен му престана работниот однос, поради смрт. Согласно претходното, вкупниот број на вработени во Заводот, на 31 декември 2021 година изнесувал 30 државни службеници, директор и заменик директор.

3. Во делот на Расходите – средствата наменети за стоки и услуги, од планирните со пренамената во буџетот за 2021 година во висина од **19.833.000,00** денари се реализирани **61,79** % или **12.254.314,00** денари, при тоа:

3.1. Расходите за патни и дневни се реализирани со **9,33 %**, што се должи на реализација на некулку службени патувања сврзани со пристапувањето на ДЗИС во работните тела на Светската организациа за интелектуална сопственост – WIPO во Женева;

3.2. За комунални услуги, греење, комуникација и транспорт се реализирани со **68,59 %** и покрај порастот на цените на овие трошоци во текот на годината;

3.3. За материјали и ситен инвентар се реализирани со **55,11 %.**

3.4. За поправки и тековно одржување се реализирани со **61,19 %.**

3..5. За договорни услуги се реализирани со **86,99 %** и тоа за: кирија, надоместоци на плати, награди за пронајдувачи доделени на манифестациите: "Патент на годината" и "Макинова" други трошоци.

3.6. Други тековни расходи се реализирани со **23,34 %** - трошоци за советувања, репрезентација и огласи во јавните средства за информирање во согласност со ЗОУП.

3.7. За привремени вработувања се реализирани со **56.72 %.**

4. Расходи за субвенции и трансфери се реализирани со **31.12 %** во износ од **6,162,729.00** денари, а првично планирани средства за ова ставка беа **22,000,000.00 денари**, но од потреба за исплата на дел од таксите што треба да се вратат кон ЕПО согласно Европската патентна конвенција.

5. За капитални расходи се реализирани со **33.09 %.**